**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: АДВОКАТСКО ДРУШТВО ПЕПЕЉУГОСКИ**

[redacted]

Упп Бр. 03-8

Скопје 07.12.2017г.

**Предмет: Одговор на претставка**

Врска: наш број 03-8 од 09.11.2017 година

Почитувани,

Во врска со Вашата претставка доставена до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Ве известуваме за следното:

Агенцијата од Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје побара да достави валиден договор со кој ќе се потврди дека ги имаат регулирано правата за емитување на играниот филм „[redacted]".

На ден 14.11.2017 година постапувајќи по барањето на Агенцијата, Телевизија Телма достави договор за регулирани права за емитување на наведениот игран филм, склучен со отстапувачот на лиценцата [redacted] од Република [redacted].

Со оглед на тоа дека во Вашата претставка е наведено дека [redacted] е единствен носител на правото за емитување (прикажување) на филмот „[redacted]", се јави сомнеж за валидноста на договорот склучен меѓу Телевизија Макпетрол и [redacted]. Постапувајќи согласно член 18 став 1 алинеја 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 40-та седница одржана на 05.12.2017 година, Советот на Агенцијата донесе заклучок да ја достави информацијата за постоење сомневање за сторена повреда на авторските права и сродните права од страна на Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје до Министерството за внатрешни работи – Центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал со цел за нивно понатамошно постапување.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**
**Република Македонија**

**Тел. + 389 2 3103 400**

**www.avmu.org.mk**
**www.avmu.mk**
**contact@avmu.mk**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009